Државниот инспекторат за животна средина преку државен инспектор за животна средина Зоран Стојнев, со службена легитимација број 06-0023, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор БУЛМАК 2016 ДООЕЛ Пробиштип- Подружница рудник Тораница со седиште [redacted] Пробиштип (село КостурКрива Паланка) застапувано од Тони Тоневски со ЕМБГ [redacted] и со Записник бр. ИП1 19-08 од 14.03.2025 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 200 од став 1 точка 14 од Закон за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/22, 171/22 и 3/25)донесе:

РЕШЕНИЕ

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Правниот субјект БУЛМАК 2016 ДООЕЛ Пробиштип- Подружница рудник Тораница да ги отстрани недостатоците утврдени со Записник бр. ИП1 19-08 од 17.03.2025 година.

1) Се задолжува правниот субјект БУЛМАК 2016 ДООЕЛ Пробиштип- Подружница рудник Тораница да преземе мерки за исполнување на условите предвидени во А- интегрираните еколошка дозвола со тоа што ќе го процени загадувањето на животната средина предизвикано од инцидентот.

2) Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова решение, изнесува 15(петнаесет)дена од ден на прием на решението.

3) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

Образложение

Државниот инспекторат за животна средина врз основа член 198 став 1 од Закон за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 89/22, 171/22 и 3/25) преку државен инспектор Зоран Стојнев, со службена легитимација број 06-0023, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор БУЛМАК 2016 ДООЕЛ Пробиштип- Подружница рудник Тораница со седиште [redacted] бр.2 Пробиштип (село Костур Крива Паланка) застапувано од Тони Тоневски со ЕМБГ [redacted] и со Записник бр. ИП1 19-08 од 14.08.2025 година, во кој е костатирано:

Извршен е вонреден инспекциски надзор во правниот субјект БУЛМАК 2016 ДООЕЛ Пробиштип подружница Рудник Тораница Крива Паланка по добиено известување по електронска пошта за настаната инцидент во рудник Тораница Крива Паланка. Од страна на Државниот инспекторат за животна средина е излезено на лице место на ден 14.02.2025 година

во 16.20 часот, при вршење на инспекцискиот надзор на лице место беа присутни претставници од горенаведениот правниот субјект Антонио Антовски и Стојанче Велков , од изјава на одговорното лице сме известени дека на ден 14.03.2025 година во 06.30 часот дошло до пукање на главниот цевковод за јамска отпадна вода кој во сво својот состав содржат суспендирани материи минерални масла метали(олово, цинк, кадниум, манган, арсен и друго) во должина околу 6 метри која е дел од постоен систем за зафаќање и таложење на јамска отпадна вода и истата е сопрена во 07.00 часот. Со овој цевовод се зафаќат јамски отпадни води кои дел одат во погонот Флотација како технолошка вода во процес на производство а дел се одведени во јаловиште. При пукање на цевката со димензја ф 350 мм и големиот притисок кој се создал од висинска разлика, водата се изеала низ индустрискиот круг и во делот кај главниот врез во рудникот се влеала во Тораничка река каде дошло до заматување на истата. Од изјава на одговорните лица сме известени дека отпадната јамската вода која се користи како технолошка е механички заматена од работните активности во јамските простории односно технолошката вода во јамските простории се користи за бушење, до заматување доаѓа и од движење на јамска механизација во просториите , движење на работниците во просториите и други работни активности. Во моментот на надзорот од одговорните лица сме известени дека околу 15. 00 часот е заменета цевката, односно инцидентот е саниран. Од увидот на лице место не е забележан помор на риби. Горе наведениот правен субјект поседува А- интегрирана еколошка Довола со број УП1-11/3-762/2016 издадена на 05.06.2019 година.Согласно дозволата јамските отпадни води дел се користат во флотација дел во јаловиште. За овој настанат инцидент а согласно условите утврдени во А- итегрираната еколошка дозвола субјектот бил должен да состави записник во кој треба да ги вклучи деталите за природата обемот и влијанието на инцидентот со кој ќе се минимизира ефектот врз животната средина и да се избегне повторно случување на истото, одговорните лица изјавија дека не е составен записник од инцидентот и нема соодветна документација. Исто така бил должен по известувањето за инцидентот да му поднесе евиденција за инцидентот до надлежен орган во овој случај до МЖСПП. Направена е фото документација од направениот увид на лице место.

**Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.**

Доколку субјектот не постапи согласно издаденото Решение, Државниот инспектор за животна средина ќе поднесе прекршочна, односно кривична пријава пред надлежниот орган, согласно член 200 став 4 од Законот за животна средина.

**ПРАВНА ПОУКА**

Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка, во рок од 15 дена од приемот на решението

**Решено во Државниот инспекторат за животна средина под број ИП1** 29-76 (19-08 ) **од 24.03.2025**

М.П.

Државен инспектор за животна средина

**Зоран Стојнев**

со службена легитимација

број 06-0023 од 17.05.2022год.